# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **12.11. 2014 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 15** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ1, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,Маршал Тито„ ул„Гоце Делчев„ ул„11-ти Октомври, ул.„Септемвриска „и крак на ул.„8-ми Ноември„ измена и дополна плански период 2014-2019г.**

Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ1, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,Маршал Тито„ ул„Гоце Делчев„ ул„11-ти Октомври, ул.„Септемвриска „и крак на ул.„8-ми Ноември„ измена и дополна плански период 2014-2019г. бр. 0701 – 640 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/1** — **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл.11 став 1 и чл.24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко (Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13) ,Советот на Општина Свети Николе ,на седницата одржана на ден 12.11.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ1, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,Маршал Тито„ ул„Гоце Делчев„ ул„11-ти Октомври ,ул.„Септемвриска „и крак на ул.„8-ми Ноември„ измена и дополна плански период 2014-2019г.**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се утврдува измена и дополна на Нацрт детален урбанистички план за дел од У.Е.1, Свети Николе.

**Чл.2**

Самиот плански опфат е помеѓу ул.,Маршал Тито,, ул,,Гоце Делчев,, ул,,11-ти Октомври ,ул.,,Септемвриска ,,и крак на ул.,,8-ми Ноември,,. Истиот е со површина од 1.12 ха. со намена А1.

**Чл.3**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за извршената стручна ревизија како и одговорот на стручната ревизија на Нацрт деталниот урбанистичкиот план за дел од У.Е.1 , Свети Николе, како и графичкиот дел од Нацрт планот изработен од друштво за Урбанизам, проектирање и инжинеринг ,,Планерис" Куманово.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0701 - 640** | **Совет на Општина Свети Николе**

**12.11. 2014 година** | **Претседател,**

**Свети Николе** | **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од нас.,,Лиска,, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,П.Гули,, ул,,100,, граница на постоен ДУП ,ул.,,200,,пешачка патека, интегрирана саобрааќајница ,,400,,,измена и дополна плански период 2014-2019год**

Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од нас.,,Лиска,, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,П.Гули,, ул,,100,, граница на постоен ДУП ,ул.,,200,,пешачка патека, интегрирана саобрааќајница ,,400,,,измена и дополна плански период 2014-2019 год бр. 0701 – 641 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/2** | **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** | **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** | **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл.11 став 1 и чл.24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко (Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13) ,Советот на Општина Свети Николе ,на седницата одржана на ден 12.11. 2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од нас.,,Лиска,, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,П.Гули,, ул,,100,, граница на постоен ДУП ,ул.,,200,,пешачка патека,интегрирана саобрааќајница ,,400,,,измена и дополна плански период 2014-2019г.**

**.**

**Чл.1**

Со ова Одлука се утврдува измена и дополна на Нацрт детален урбанистички план за дел од нас.,,Лиска,, Свети Николе.

**Чл.2**

Самиот плански опфат е помеѓу ул.,П.Гули,, ул,,100,, граница на постоен ДУП ,ул.,,200,,пешачка патека,интегрирана саобрааќајница ,,400,. Истиот е со површина од 1.68 ха. со намена А1,и Д3.

**Чл.3**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за извршената стручна ревизија како и одговорот на стручната ревизија на Нацрт деталниот урбанистичкиот план за дел од нас.,,Лиска’’ , Свети Николе, како и графичкиот дел од Нацрт планот изработен од друштво за Урбанизам ,проектирање и инжинеринг ,,Планерис” Куманово.

**Чл.4**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0701 - 641** **Совет на Општина Свети Николе**

**12.11. 2014 година** **Претседател,**

**СветиНиколе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел од нас. Лиска Б1,- за плански опфат од 5,02 ха, измена и дополна, за плански период 2013 – 2018 година**

Се објавува Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел од нас. Лиска Б1,- за плански опфат од 5,02 ха, измена и дополна, за плански период 2013 – 2018 година бр. 0701 – 642 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/3** **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл.11 став 1,чл.24 став 8 и чл.25 став 5 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13 “ број), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.11. 2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За донесување на детален урбанистички план за дел од нас.Лиска Б1,- плански опфат од 5,02ха, , измена и дополна, за плански период 2013-2018г.**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се донесува деталниот урбанистички план за дел, **,,** Лиска ,,Б1- плански опфат помеѓу ул.,,Питу гули’’ ул.,,Кочо Рацин’’ул.,,Крсте Мисирков’’ ул.,,200’’ и ул.,,Овчеполска’’Свети Николе, измена и дополна, за плански период 2013-2018г. ,истиот е со површина од 5,02ха, со намена А1.

**Чл.2**

Составен дел на оваа Одлука е извештајот од јавната презентација и јавната анкета бр.0902-687/5 од 31.10.2013 година и Согласноста бр.14-13936/2 од 21.10.2014г. издадена од Министерство за транспорт и врски на детален урбанистичкиот план за дел од нас,,Лиска,, Б1, како и графичкиот дел од планот со тех.бр.2863/14 изработен од ,,Дизајн Центар Инжинеринг’’ Кавадарци.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0701 - 642** **Совет на Општина Свети Николе**

**12.11. 2014 година** **Претседател**

**СветиНиколе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел од УЕ1 и УЕ2 Свети Николе - плански опфат од 5,02ха, измена и дополна, за плански период 2010-2015год.**

Се објавува Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел од УЕ1 и УЕ2 Свети Николе - плански опфат од 5,02ха, измена и дополна, за плански период 2010-2015год. бр. 0701 – 643 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/4**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл.11 став 1,чл.24 став 8 и чл.25 став 5 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13 " број), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.11. 2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За донесување на детален урбанистички план за дел од УЕ1 и УЕ2 Свети Николе - плански опфат од 5,02ха, измена и дополна, за плански период 2010-2015г.**

**Чл.1**

Со ова Одлука се донесува деталниот урбанистички план за дел, **,,** УЕ1 и УЕ2 ,,Свети Николе, плански опфат помеѓу река,,Periш'',ул.,,Кумановска,'' ул.,,Вељко Влаховиќ' и ул.,,ВанчоАнгелов'''Свети Николе, измена и дополна, за плански период 2010-2015г. ,истиот е со површина од 4,99ха, со намена А1,А2,Б1,Г4.

**Чл.2**

Составен дел на оваа Одлука е извештајот од јавната презентација и јавната анкета бр.0902-202/5 од 02.02.2011 година и Согласноста бр.14-15393/2 од 12.11.2014г. издадена од Министерство за транспорт и врски на детален урбанистичкиот план за дел од нас,,УЕ1 и УЕ2,, Свети Николе, како и графичкиот дел од планот со тех.бр.284/10 изработен од дупи ,,Планерис'' Куманово.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0701 - 643**
**12.11. 2014 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање под закуп на училишниот простор во Основните и Средното училиште во Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за давање под закуп на училишниот простор во Основните и Средното училиште во Општина Свети Николе бр. 0701 – 644 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/5**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002),член 104 од Законот за средното образование ("Сл.весник на РМ "бр. 44/95, 24/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 51/05, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08 ) и член 165 од Законот за основно обарзование ( "Сл.весник на РМ " бр.103/2008, 33/2010 ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.1. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање под закуп на училишниот простор во Основните и Средното**

**училиште во Општина Свети Николе**

**I.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат условите за стекнување на средства од давање под закуп на дел од училишниот простор во Основните и Средните училишта во Општина Свети Николе, како и начинот на распределба на средствата остварени по тој основ.

**Член 2**

Под училишен простор , во смисла на оваа Одлука се подразбира простор чиј корисник е Основното или Средното училиште, а се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела ( дворното место ).

**Член 3**

Основните и Средните училшта училишниот простор можат да го даваат под закуп, под услови и на начин утврдени со закон, оваа Одлука и статутот на училиштето.

## II. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

### Член 4

Училишниот простор може да се дава под закуп на правни и физички лица, за определен период, во определени термини (по час) или по квадратен метар.

### Член 5

Предмет на закуп може да биде следниот училишниот простор:

-отворени спортски терени и дворно место;

-просторија која е во функција на наставата:

*фискултурни Сали;

*кабинети;

*работилници;

*училници;

-друга просторија која не во функција на наставата:

*магацини;

*подрум;

*гаражи;

*скривници;

*киоск.

### Член 6

Училишниот простор може да се додаде под закуп само доколку:

*простор, во времетраењето – терминот на издавање, не е во функција на воспитно образовниот процес или издавањето не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно образовниот процес;

*употребата на просторот нема влијае на безбедноста на учениците, како и на лицата кои ќе го користат закупениот простор;

*намената, заради која се издава просторот, не доведува до негово оштетување.

### Член 7

(1) Училишниот простор се дава под закуп со јавно наддавање, врз основа на Одлука на Училишниот одбор.
(2) Одлуката од став 1 на овој член содржи:
-дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се издава под закуп;
-намената за која просторот ќе се издава под закуп;
-времетраењето и начинот на издавање (по час – термински или по м2);
-констатација дека употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците и квалитетот на воспитно образовниот процес;
-рамка за висина на закупнината;
-други прашања во врска со издавањето;

(3) Одлуката од став 1 на овој член, пред нејзинот огласување подлежи на согласност на Градоначалникот на Општината.

**Член 8**

Постапката на јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува Комисијата формирана од страна на Училишниот одбор.

**Член 9**

(1) Запросторот или за терминот на давањето на просторот, предмет на закупецот, училиштето и закупецот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
(2) Договорот за закуп содржи:
-страни на договорот,
-предмет на договорот,
-намаданата за коаја се дава просторот,
-времетраењето на закупот,
-цена (по м2 или час ) и начин на плаќање,
-обврски на закупецот согласно намената на просторот,
-обезбедување на побарувањата од договорот,
-услови за раскинување на договорот,
-дручи прашања од значење за реализација на договорот.

## III.НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

**Член 10**

Училишниот простор може да се издава за следните намени:

- изведување на настава (практична и теоретска);
- спорт и рекреакција;
- културни и други манифестации;
- трговија, угостителски услуги, производство (под услов да не пречи на извршувањето на основна дејност и да се исполнети законските услови за вршење на тие дејности и заштита на животната средина).

**Член 11**

(1) Доколку просторот се издава за трговија, угостителски услуги и производство закупецот е должен на своја сметка да ги обезбеди сите потребни согласности – дозволи од страна на надлежните органи.
(2) Училиштето ќе води сметка намената од ставот 1 овој член да не пречи на наставата, на околниот простор, како и да бидат исполнети сите законски претпоставки во обласа на заштитата на животната средина.

**Член 12**

Доколку училишниот простор се дава со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција на намената за која просторот се издава ( настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации), закупецот е должен да положи депозит за покривање на предпоставената штета што може да биде причината при користење на просторот.

## IV. ВИСИНА НА ЗАКУПНИНА

**Член 13**

Висината на закупнината се утврдува во евра/м2 или евро/час, во денарска противвредност, согласно микролокацијата на објектот и други параметри за висината на закупнината согласно условите на пазарот на недвижности.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАКУПОТ

**Член 14**

(1) Договорот за закуп се склучува за време од 1 година.
(2) По исклучок од став 1 на овој член, доколку користењето на просторот е поврзано со инвестициони вожувања од страна на закупецот, договорот за закуп може да се склучи и за подолг период, но не повеќе од 5 години и тоа:

| За вложувања до: | времетраење на закупот |
| --- | --- |
| 3000 Еур денарска противвредност | 2 години |
| 5000 Еур противвредност | 3 години |
| 10.000 Еур денарска противвредност | 4 години |
| Над 10.000 Еур денарска противвредност | 5 години |

Вредноста на инвестиционите вложувања е врз основа на проценка од овластен проценител.

(3) Кога издавањето под закуп е поврзано со инвестициони вложувања од страна на закупецот, правата и обврските меѓу закуподавецот и закупецот за инвестирањето се уредуваат со посебен договор, врз основа на предходно доставен идеен, проект, основен (со сите фази за кои има потреба), одобрен од страна на надлежниот орган на Општината и обезбедени сите согласности и одобренија за градба.

(4) По истекот на договорот за закуп за недвижнниот имот од став 3 на овој член, остануваат сопственост на закуподавецот.

**VI. НАМЕНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

**Член 15**

Средствата остварени по основ на закуп се користат наменски и се распределуваат за следната намена:

-подобрување на условите за воспитно образовна дејност на училиштата,

-финансирање на проекти за унапредување и модернизација на образовниот процес на училиштата;

-набавка на училишниот материјал;

-тековно или инвестиционо одржување и надоместување на трошоците за електрична енергија, парно греење, телефон, интернет и др.

**VII.НАДЗОР**

**Член 16**

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши овластениот внатрешен ревизор.

**VIII.ЗАВРШЕНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701 - 644** — **Совет на Општина Свети Николе**

**12.11. 2014 година** — **Претседател,**

**Свети Николе** — **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови**

Се објавува Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови бр. 0701 – 645 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/6**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасевс.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр. 84/2008), член 15 од Законот за безбедноста во сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр. 54/07), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 1 и 2 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр. 111/2008), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.11. 2014 год., донесе

**Предлог:**

**П Р О Г Р А М А**
**за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови**

1. **Општа дел**

Со Програмата се предвидува: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на чистењето и одржувањето на улиците во град Свети Николе, како локалните патишта во општина Свети Николе, опфатени со градежните опфати и урбанистички планови, во зимски услови, во сезоната 2014-2015 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во општина Свети Николе во зимски услови, преку:

- определување на видот и обемот на работите, временските рокови за извршување на работата, динамиката и нивното чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
-дефинирање на работите и обврските за сите учесници за нејзина реализација;
- определување на потребните финансиски средства.

2. **Организациона поставеност на учесниците**

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при општина Свети Николе

- ја изготвува програмата;
- ја организира зимската служба;
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- го известува Градоначалникот на Општината, Просторниот штаб за ЗС и Дирекцијата за заштита и спасување да ја вклучи механизацијата на градежната оператива кога ЈП “Комуналец” не е во состојба да одговори на задачите на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците.

**2.2. ЈП “Комуналец” Свети Николе**

- ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти, ја спроведуваат програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Општината Свети Николе набавува, а ЈП “Комуналец” обезбедува чување и складирање, како и растурање на сол и песок и други материјали;
- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразицата од коловозните површини;
- ја оспособува атмосферската канализација – шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот;
- води целосна документација за зимската служба;
- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работната рака и механизацијата за секој месец однапред;
- врши редовно тековно одржување на возилалта и опремата;
- обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата.

**2.3. Други учесници**

**2.3.1. Градежна оператива**

Механизацијата на градежните фирми ги ангажира Општина Свети Николе а таа се состои од: Скипови 4, , Камион со нож 1, Камиони 1, Трактори “3, Багери2 . Булдожери 2 Грејдери 1и др..

По потреба ќе се ангажираат и други машини. Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите – шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта.

Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната срдина при општина Свети Николе – Одделението за комунални работи преку задолжени лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи. Одговорното лице од Одделението за комунални работи има задача при употребата на механизација за снег, или мраз, да ги утврдува уличните препреки (легнати Полицајци, повисоки шахти над нивото на асфалтот и други препреки и да го предупреди изведувачот на работите, да внимава за нивно оштетување, во спротивно сите настанати штети ќе бидат на терет на изведувачот на работите. За извршување на овие работи одговорното лице од нарачателот треба да биде на лице место при изведувањето на работите за да укаже на наведените работи).

Во зимската служба покрај ЈП “ Комуналец” при пообемни врнежи ке бидат вклучени и други фирми што имат механизасија за чистење на снежни врнежи,ДОО ЗОНИ-КОМ”,”АГП”,Свети НикилеТАРЗАН ТРАНС”Свети Николе,ЈП “МАКЕДОНСКИ ШУМИ” под ед,Свети Николе идр), а доколку општната неможе да одговори на настанатата ситуација Градоначалникот доставува писмено барање преку ДСЗ-ПОЗС- Свети Николе до ДСЗ-Координатувно тело за ангажитање на дополнителни сили и сретства.

2.3.2. **МВР – Сообраќајна полиција** при Одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.

2.3.3. **ЈП “Комуналец”,**

- покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;

- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;

- врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки од коловозите и тротоарите;

- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата;

- контрола врз работата на наведените субјекти врши инспекциските служби при Општина Свети Николе

**- 2.3.4. ЈП “ Комуналец”**

- ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини на вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата во случај на избивање на канализација во куќи;

- контрола врз работата на ‘ ЈКП “Комуналец” вршат инспекциските служби при општина Свети Николе

**2.3.5. “ЕВН” Македонија**

презема потребни мерки за чистење на снегот од надворешните електроинстелации и објекти.

**2.3.6. “Македонски телекомуникации” – Свети Николе**

ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ТТ уреди, инстелации и телефонски говорници.

**2.3.7. Претпријатијата и заедниците**

чии објекти и простории се кристат од страна на граѓаните (пазаришта, бензински пумпи, паркиралишта и  слично) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и голомразицата од овие објекти и простории пред нив.

**2.3.8**. **Претпријатијата, училиштата,здравни домови заедниците и граѓаните – сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории** (стоковни куќи, дуќани, продавници и слични објекти) преземаат  мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.3.9**. **Граѓаните, односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбени објекти** го чистат снегот и голомразицата од тротоарите – патеките и приодните места пред своите станбени објекти.

Исто така, граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите, при што се води сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инстелации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.

**1. Обем на одржување**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од:
- густината на населеноста на делови од градот;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфраструктурните објекти.

Коловозните површини за оспособување на ниво на градот се 267.361м2 и нивното расчистување се одвива по приоритетна листа, а локалната патна мрежа на ниво на Општина  е околу  74 км.,имајќи во предвид, дека некои локални патни правци се само пробиени а неизградени.

## ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО ГРАДОТ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Свети Николе во сзимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од отмосферска канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 2 приоритетни групи на одржување.

**Приоритет 1**

Во првата приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со поголем интензитет на сообраќајот и улици кои го поврзуваат административниот центар и тоа: Министерството за внатрешни работи, здравствениот дом и амбуланта ,училиштата,детската градинка, автобуската станица и автобуските постојки.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот.

**Тоа се улиците:**

1. ул.”Карпошева” – 6.100 м2
2. ул.”Плоштад Илинден” 16.661 м2
3. ул. “Маршал Тито” 30.202 м2
4. ул. “Филип ИИ” 34.661 м2
5. ул.” Младинска” 5.316 м2
6. ул.”Крсте Мисирков” 16.944 м2
7. ул.”Септемвриска 11.437 м2
8. ул. “Кочо Рацин” 10.185 м2
9. ул. “23- ти Октомври” 2. 774 м2
10. ул.” Орце Николов” 5.409 м
11. ул.”Ударничка” 6.549 м2
12. ул.”Јане Сандански” 13.115 м2
13. ул.”Питу Гули” 15.876 м2
14. ул.”Кумановска” 2.125 м2
15. ул.”4-ти Јули” 8.612 м2
16. ул.”Македонска” 7.840 м2
17. ул.”Никола Карев” 4.054 м2
18. ул.”Скопска” 9.084 м2
19. ул.”Ангел Трајчев” 1.120 м2

2о ул “11-та Македонска Бригада” 5,534

Во првата приоритетна група на одржување спаѓаат и локалните патишта:

Локалните патни правци: Свети Николе – с. Немањици,с. Ранченци, с. Мечкуевци, с. Патетино,с.Макареш Свети Николе – с. Ерџелија, с. Мустафино,с. Буриловци, с. Арбасанци, Свети Николе – с. Амзабегово, с. Делисинци,с. Богословец, с. Пеширово, Црнилиште, Свети Николе – с.Ѓуѓанци, с. Орел, Свети Николе – с. Кнежје, Свети Николе – с. Стањевци, Свети Николе- с.Горобинци с. Сопот, с. Преод, с. Алакинци, с. Малино, с. Крушица, Свети Николе – с. Трстеник, односно сите локални патни правци во општината

**Приоритет 2.**

.

Во вториот приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со послаб интензитет на сообраќај,тие ги поврзуваат улиците од првиот приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од пооделни реони во градот,а тоа се улиците:

1. ул.” Улоф Палме” 1.450 м2
2. ул.”8-ми Септември” 5.437 м2
3. ул.”29-ти Ноември” 5.760 м2
4. ул.”Борис Трајковски” 7.463 м2
5. ул.”Даме Груев” 1.65о м2
6. ул.”Глигор Прличев” 2.264 м2
7. улици во населба “Сопотски пат” 4.58о м2
8. ул.”Браќа Миладинови” 3.840 м2
9. ул.”Првомајска” 1.451 м2
10. ул.”Пролетерска” 1.663 м2
11. ул.”Рахилка Гонева” 2.038 м2
12. ул.”Цветан Димов” 2.211 м2
13. ул.”Јанко Глигоров” 2.987 м2
14. ул.”Пиринска” 1.797 м2
15. ул.”11-ти Октомври” 3.606 м2
16. ул.”Кузман Капидан” 1900 м2
17. ул. “Солунска” 6200 м2
18. ул.”9-ти Мај” 3000 м2

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива послсб сообраќај и претставуваат кракови на улици од претхдниот приоритет или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет,сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и реони во градот, како и во останатите населени места во Општина Свети Николе.

**Динамика и нивно одржување**

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојбата на присуство на голомразица и оформена снежна покривка до 20 см. (прва состојба на готовност);
- Состојба на голомразица и снежни врнежи над 20 см. (втора состојба на готовност).

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈП “Комуналец”, а во втората состојба на готовност ЈП “Комуналец” со градежната оператива согласно со договорените обврски.

Во првата состојба на готовност ЈП “Комуналец” со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства , врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива го расчистува делот од околните патишта до населените места од општина Свети Николе.

Согласно член 22 од Законот за јавна чистота сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови за 6 (шест) часа, сметано од моментот на почнување на снежните врнежи до оформувањето на снежната покривка. При тоа, главните сообраќајници ќе бидат оспособени приоритетно.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во втората состојба на готовност ЈП " Комуналец" заеднио со градежните оператива врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група,а потоа продолжува со втората приоритетна група и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна група до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората приоритетна листа.

**Механизација, опрема, материјали и работна сила:**

**ЈП "Комуналец" Свети Николе**

**1. Прва состојба на готовност:**

- Ровокопач со нож за чистење на снег ….1 број
- ФАП – 13 со нож……………………………1 број
- Трактор со распрскувач на сол………….. 1 број
- трактор со приколка……………………… 1 број
- Трактор со плуг…………………………… 1 број
- Работна рака:……………………………… 20раб.

1. Возачи……………………….……. 4
2. Работници за опслужување…... 5

**Втора состојба на готовност:**

А) Механизација и оператива од:

- ЈП " Комуналец" Свети Николе
- Ровокопач со нож за чистење на снег …..1 број
- ФАП – 13 со нож………………………… 1 број
- Трактор со распрскувач на сол…………...1 број
- Утоварувач - Скип……………. ………… 1 број
- Трактор со приколка……….…………….. 1 број
- трактор со плуг за снег………………. … 1 број

За одржувањето на транзитните улици во градот кои ги поврзуваат регионалните патишта, во расчистувањето на снегот ќе учствува "Македонија пат" РЕ – Штип со нивна механизација, опрема и работна рака, во зависност од приоритетот на потребите.

**Работна рака:**

Работната рака ангажирана од ЈП " Комуналец" Свети Николе:

- раководител…………………………… 1 работник
- раководител на смена……………….. 1 работник
- работници за припрема на сол………3 работника
- Возачи……………………………………4 работника
- работници за опслужување………… 5 работника

Работната рака за механизација на градежните и други фирми ја обезбедуваат ангажираните фирми.

**Локации за депонирање на снег:**

-За градот Свети Николе – коритата на “ Светиниколска река и река “Периш” и тоа:
- Покрај мостот кај Детска градинка “ Рахилка Гонева”, на излезот од градот;
- Покрај мостот на река “Периш” кај “Југосуровина” – Свети Николе.

За другите населени места:

Времени депонии и други пригодни локации определени во соработка со месната самоуправа, во и покрај населените места.

**Финансиски средства потребни за подготовка**
**и реализација на зимската служба**

Финансирањето на активностите прдвидени со оваа Програма ќе се вршат од средствата предвидени во Буџетот на општина Свети Николе.

За реализација на оваа Програма потребно е да се обезбедат 1.000.000 денари.
- за набавка на индустриска сол пакувана во вреки 300.000 ден.
- средства за ангажирање механизација
  и работна рака………………………………………………… 700.000 ден

**Извршување на Програмата и надзор**

Активностите за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови ги реализира ЈП “Комуналец” Свети Николе и градежните оператива врз основа на Оперативен план изготвен од Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштитан а животната средина – Одделение за комунални работи при Општина Свети Николе со Дирекцијата за заштита и спасување.

За одржување на локалните патишта во зимски услови Општината склучува договори со градежната оператива оспособена за одржување на локални патишта и улици.
Надзор врз извршувањето на оваа Програма врши Одделението за комуналии и Инспекциските органи при Општина Свети Николе.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”

**Бр.0701 - 645**
**12.11. 2014 година**
**СветиНиколе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Оперативен План за чистење и одржување на улици, локални патишта и речни водотеци во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови**

Се објавува Оперативен План за чистење и одржување на улици, локални патишта и речни водотеци во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови бр. 0701 – 646 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/7** **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

## О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н

**За чистење и одржување на улици, локални патишта и речни водотеци во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови**

**Предлог:**

Според програмата за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина - Свети Николе за 2014/2015 година во зимски услови, Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна
средина ја утврди организацијата за интервенција за оспособување на коловозните површини во градот и локалните патни правци од снег и голомразица и тоа за прва и втора состојба на готовност;

Преоритетна листа за зимско одржување на улиците во градот и локалните патишта во Општина Свети Николе

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Свети Николе во зимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, фрлање на сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од отмосферска канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 2 приоритетни групи на одржување.

**Приоритет 1**

Во првата приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со поголем интензитет на сообраќај и улици кои го поврзуваат административниот центар и тоа: Министерството за внатрешни работи, здравствениот дом, училиштата,.детската градинка,гратските гробишта и автобуска станица.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот, а тие улици се:

20. ул .”Карпошева”
21. ул “Плоштад Илинден”
22. ул. “Маршал Тито”
23. ул. “Филип ИИ”
24. ул. “Младинска”

25. ул .”Крсте Мисирков”
26. ул. “Септемвриска”
27. ул. “Кочо Рацин”
28. ул. “23-ти Октомври”
29. ул. “Орце Николов”
30. ул .”Ударничка”
31. ул .”Јане Сандански”
32. ул. “Питу Гули”
33. ул. “Кумановска”
34. ул. “4-ти Јули”
35. ул. “Македонска”
36. ул. “Никола Карев”
37. ул. “Скопска”
38. ул. “Ангел Трајчев”

20.ул.”11-та Македонска Бригада”

Во првата приоритетна група на одржување спаѓаат сите локални патишта:
: Свети Николе - с. Немањици-с. Ранченци- с. Мечкуевци- с. Патетино, Свети Николе -с. Ерџелија- с. Мустафино-с. Буриловци, с- Арбасанци-с.Стануловци,с- Ерџелија- с Кадрифаково,С вети Николе - с. Амзабегово- с. Делисинци-с. Богословец- с. Пеширово- с Долно Црнилиште-с Горно Црнилиште, Свети Николе- с.ДЃуѓанци- с.Г,Ѓуѓанци-с.Строиманци-с.Павлешенци-с.Стањевци –с Орел, Свети Николе-с.. Кнежје,Свети Николе -с Горобинци- с. Сопот-с. Преод- с. Алакинци- с. Малино, с-. Крушица- с. Трстеник, односно сите локални патни правци во општината

**Приоритет 2.**

Во вториот приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците со послаб интензитет на сообраќај. Тие ги поврзуваат улиците од првиот приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од пооделни реони во градот.,а такви улици во градот се:

19. ул. “Улоф Палме “
20. ул.”8-ми Септември”
21. ул.”29-ти Ноември”
22. ул.”Борис Трајковски”
23. ул.”Моша Пијаде”
24. ул.”Глигор Прличев”
25. улици во населба “Сопотски пат”
26. ул.”Браќа Миладинови”
27. ул.”Првомајска”
28. ул.”Пролетерска”
29. ул.”Рахилка Гонева”
30. ул.”Цветан Димов”
31. ул.”Јанко Глигоров”
32. ул.”Пиринска”
33. ул.”11-ти Октомври”
34. ул.”Индира Ганди”
35. ул. “Солунска”
36. ул.”9-ти Мај”

Во овој приоритет спаѓаат и сите останати улици во градот по кои се одвива сообраќај и претставуват кракови на улици од претходниот приоритет или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет, сообраќајот може несметано да се одвива во сите правци и сите реони во градот како и во останатите населени места во Општин Свети Николе.

Чистењето ке го извршува ЈП “Комуналец со својата распокожива механизацила а доколку врнежите се од поголем итензитет ЈП “Комунакец” ке ангажира и дополнителна механизација од градежната оператива од општина Свети Николе

Чистењето ке се врши во шест правци:

-Првиот правец ги опфака сите улици во градот Свети Николе и село Кнежје

-Вториот правец ги опфака селата:Горобинци,Трстеник,Сопот, Преот,Алакинци Крушица и Малино.

-Третиот правец ги опфака селата:Орел,Д.Гуганци Г.Гуганци.Строиманци, Стањевци и Павлешенци

-Четвртиот правец ги опфака селата: Немањици,Ранченци,Патетино и Мечкуевци

-Петиот правец ги опфака селата: Пеширово,Амзибегово,Долно.Црнилиште Горно Црнилиште,Делисинци и Богословец.

-Шестиот правец ги опфака селата: Ерџекија,Кадрифаково, Мустафино, Бориловци,Стануловци и Арбасанци.

. Доколку општината неможе да се справи со настанатата ситуацуја тогаш градоначалникот доставува писмено барање преку ДЗС-ПОЗС Свети Николе до ДСЗ-Координатвно тело за ангажирање на дополнителни сили и средства.

**Механизација,опрема и работна сила за расчистување на снежни наноси и голомразица**

**ЈКП** “Комуналец”**:**

**-**Ровокопач со нож за чистење на снег бр.1

-ФАП-13 со нож ....................................бр.1

-Трактор со распрскувач на сол.............бр1

-Трактор со приколка .............................бр.1

-Теге со нош...........................................бр.1

-Работна сила (ангажирани лица) бр.20

Одговорн лица за спроведубање на оперативнит План од страна на изведувачот (ЈКП “Комуналец) се:

-Јорданчо Михаиловски ...тел.сл. 076/376-403 .дом.440-374

-Витомир Стојковски тел.сл. 076/482-192 дом.441-310

Горе наведените лица се должни да дават информации на одговотните лица од Општина Свети Николе и ДЗС –ПОЗС Свети Николе

Одговорни лица за спроведување на оперативниот План од Општина Свети Николе се:

-Александар Стојнов тел.сл.о75/421-183 дом 441-447

- Трајче Кочиев тел.сл 075/421-192 дом 441-048

Во сучај на поинтезивни врнежи на дожд и нагло топење ха снегот може да дојде до излевање на Светиникилска река ,од мостот кај Отпад до мостот кај детската градинка “Рахилка Гонева”, па затоа е потребно редовно чистење на тој дел од речното корито..

**Бр.0701 - 646**
**12.11. 2014 година**
**СветиНиколе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Рахилка Гонева" Свети Николе за учебната 2014/2015 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Рахилка Гонева" Свети Николе за учебната 2014/2015 година бр. 0701 – 647 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/8** — **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12. 11. 2014 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Рахилка Гонева" Свети Николе за учебната 2014/2015 година**

1. Се усвојува Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Рахилка Гонева" Свети Николе за учебната 2014/2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701 - 647** — **Претседател,**
**12.11. 2014 година** — **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Извештај за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2014 година**

Се објавува Извештај за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2014 година бр. 0701 – 648 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/9** **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Општина Свети Николе во текот на третиот квартал од 01.01.2014 до 30.09.2014 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **164.845.087,00 денари** или изразено во процент изнесува **54,00 %,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за третиот квартал има реализација од **52.948.154,00** денари или изразено во проценти изнесува **48,61%.** Следејќи ја историјата на базата на податоците за реализацијата во последните пет години мораме да напоменеме дека третиот квартал од 2014 годината е на ниво кое би требало да го има за овој квартал. Со анализата која е направена во одделението за финансии и буџет констатирано е дека општината постепено ја зголемува својата ликвидност со тоа што се обидува да изврши исплата на заостанатите обврски кон коминтентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **55.472.986,00** денари, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **48.784.734,00** и салдо на 30.09.2014 во износ од **6.688.252,00** денари.

Од севкупните расходи на ставките 401 и 402 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **17.499.838,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира и е на повидок да се воведе максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој трет квартал од 2014 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **35,87%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **63,22%**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци направени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува **0,90%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **441.143,00** денари, а соодносот реализација/план е **62,57%**

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **75%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **6.843.895,00** денари, а во однос на вкупните трошоци е **14,03%**

- За материјали  и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, одржувањето во детското одмаралиште во Дојран  како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени, самиот износ за овие трошоци изнесува **2.529.891,00** или **33,27%** од планираните трошоци**,** во однос на вкупните трошоци реализирано  е **5,19%**

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **3.626.606,00** денари или во проценти **58,38%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **7,43%**

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги  кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **11,21%** од вкупните расходи, а реализирано  во однос на планирано е **26,57%**

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има издвоено средства во износ од  **1.265.127,00** денари или **34,83%,** а во однос на вкупните расходи **2,59%**

- На ставките кои се однесуваат за исплатата  на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор  има остварување во овој трет квартал од годината во износ од **1.303.390,00** денари или изразено во проценти **59,38%**, а во однос на вкупните расходи е **2,67%**

- За  разни трансфери има исплатено **1.510.834,00** денари и процентот изнесува **47,02%,** а во однос на вкупните расходи е **3,10%**

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош и награда за новороденчина изнесува  **755.000,00** денари или тоа изразено во процент изнесува  **53,47%,** а во однос на вкупните расходи е реализирано **1,55%**

- За купување на опрема и машини има исплатено износ **368.873,00** или  **18,36%,**а во однос на вкупните расходи реализирано е **0,76%**

- За изградба и реконструкција  на патишта улици и автопати  има реализација во износ од **6.089.057,00** или процентуално изнесува **30,66%,** во однос на вкупните расходи реализацијата е **12,48%**

Во овој дел од образложението го имаме извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за третиот квартал за 2014 година. Можеме да констатираме  дека имаме мошне добра  реализација и на приходите и на расходите со максимално остварување на приходите од **48,61% и** на расходите од **44,79%** .

Во делот за наменските дотации мора да се каже дека тие се реализирани  во износ од **100.372.621,00** денари или изразено во проценти **73,11%.** Динамиката на реализација е на идеална

страна. Мораме да напоменеме дека иако во 2014 година имаме поголем буџет на финансиски средства кои се трансферираат до локално ниво средствата не се доволни за сервисирање на сите потреби на буџетските корисници и општината работи на комплетна анализа за изнаоѓање на решение за овој проблем које непосредно проблем на сите нас како општина. Особено има проблем во делот на сервисирање на оперативните трошоци кои се иако минимални не можат комплетно да се извршат и исплатат од страна на буџетските корисници. Вкупната реализација на расходната страна на буџетските корисници изнесува **99.938.379,00** денари или изразено **72,80%** реализирано во однос на планирано.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација и процентот изнесува **35,84** %. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности се на задоволувачко ниво и се на многу на повисоко ниво на реализација споредено со претходната година .







Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2014 година.

Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет во третиот квартал за 2014

| конто | Опис на приход | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.965.000,00 | 1.111.604,00 |
| 713 | Даноци на имот | 21.084.112,00 | 6.222.266,00 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 29.670.000,00 | 18.621.434,00 |
| 718 | Такси за користење или вршење на дејност | 2.743.085,00 | 118.444,00 |
| 722 | Такси и надоместоци | 650.000,00 | 427.070,00 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | 3.210.000,00 | 900.789,00 |
| 724 | Други Владини услуги | 300.000,00 | 30.000,00 |
| 725 | Други неданочни приходи | 2.100.000,00 | 658.481,00 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 26.097.412,00 | 15.988.936,00 |
| 742 | Донации од странство | | 139.207,00 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 3.100.000,00 | |
| 733 | Продажба на земјиште и нематријално вложување | 18.000.000,00 | 8.729.923,00 |
| | **Вкупно** | **108.919.609,00** | **52.948.154,00** |

**Бр.0701 - 648** **Совет на Општина Свети Николе**

**12.11. 2014 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Трети од 01.01. 2014 година до 30.09. 2014 година**

Се објавува Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Трети- од 01.01. 2014 година до 30.09. 2014 година бр. 0701 – 649 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/10**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

**Образец К1**

**Квартален извештај за извршувањето на буџетот за општина СВЕТИ НИКОЛЕ за извештајниот период (кумулативно) за квартал Трети-оД 01.01.2014година до 30.09.2014година**

**Општина: СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Извештаен период : од 01.01.2014година до30.09.2014год**

(ден,месец,година)

**Датум на поднесување на извештајот:12.11.2014год**

*(во денари/*

| Приходи - Квартал -ТРЕТ | Буџет за 2014 | | Наменска дотација за 2014 | | Самофинансирачки активности за 2014 | | Донации за 2014 година | | Кредити за 2014 | | Вкупно за 2014 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | Останато нереализирано од 2014 |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | 87.819.609 | 44.218.231,00 | 137.287.000 | 100.372.621,00 | 24.931.324 | 8.936.069,00 | 34.534.457 | 2.588.243 | 0 | 0 | 284.572.390 | 156.115.164 | 128.457.226 |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 84.924.767 | 42.264.613,00 | 137.203.000 | 99.927.879,00 | 24.596.324 | 8.870.890,00 | 352.000 | 133.332 | 0 | 0 | 247.076.091 | 151.196.714,00 | 95.879.377,00 |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 21.100.000 | 8.729.923,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.100.000 | 8.729.923,00 | 12.370.077,00 |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 23.994.842 | 6.520.121,00 | 84.000 | 10.500,00 | 335.000 | 65.179,00 | 34.182.457 | 2.296.055 | 0 | 0 | 58.596.299 | 8.891.855,00 | 49.704.444,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71 | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **55.462.197** | **26.073.748** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **55.462.197** | **26.073.748** | **29.388.449** |
| | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 1.965.000 | 1.111.604 | | | | | | | | | | | |
| | 712 | Придонеси за социјално осигурување | | | | | | | | | | | | | |
| | 713 | Даноци на имот | 21.084.112 | 6.222.266,00 | | | | | | | | | | | |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | | | |
| | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | | | |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | 29.670.000 | 18.621.434,00 | | | | | | | | | | | |
| | 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 2.743.085 | 118.444,00 | | | | | | | | | | | |
| 72 | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.260.000** | **2.016.340** | **0** | **0** | **24.931.324** | **8.753.447** | **0** | **0** | **0** | **0** | **31.191.324** | **10.769.787** | **20.421.537** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | | | | | 800.000 | 581.113 | | | | | | | |
| | 722 | Глоби, судски и административни такси | 650.000 | 427.070 | | | | 4980 | | | | | | | |
| | 723 | Такси и надоместоци | 3.210.000 | 900.789 | | | 24.091.324 | 8.157.158 | | | | | | | |
| | 724 | Други Владини услуги | 300.000 | 30.000 | | | | 2.480 | | | | | | | |
| | 725 | Други неданочни приходи | 2.100.000 | 658.481,00 | | 0 | 40.000 | 7.716 | | | | | | | |
| 74 | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **26.097.412** | **16.128.143,00** | **137.287.000** | **100.372.621** | **0** | **182.622,00** | **34.534.457** | **2.588.243** | **0** | **0** | **197.918.869** | **119.271.629** | **78.647.240** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 26.097.412 | 15.988.936,00 | 137.287.000 | 100.372.621,00 | | 182622 | 0 | | | | | | |
| | 742 | Донации од странство | | 139207 | | | | | 130.000 | 109.800 | | | | | |
| | 743 | Капитални донации | | | | | | | 34.254.457 | 2.478.443 | | | | | |
| | 744 | Тековни донации | | | | | | | 150000 | | | | | | |
| | | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **73** | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **21.100.000** | **8.729.923,00** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.100.000** | **8.729.923,00** | **12.370.077,00** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 3.100.000 | | | | | | | | | | | | |
| | 732 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 18.000.000 | 8.729.923,00 | | | | | | | | | | | |
| | 734 | Приходи од дивиденди | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | **Расходи - Квартал -ТРЕТ** | Буџет за 2014 | | Наменска дотација за 2014 | | Самофинансирачки активности за 2014 | | Донации за 2014 година | | Кредити за 2014 | | Вкупно за 2014 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет квартал | План | Реализација на трет кварт | План | Реализација на трет квартал | Останато нереализирано од 2014 |
| **40** | | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **27.679.057** | **17.499.838** | **117.948.189** | **87.484.444** | **875.108** | **673.542** | **0** | **0** | **0** | **0** | **146.502.354** | **105.657.824** | **40.844.530** |
| | 401 | Основни плати | 18.559.554 | 11.880.869 | 85.981.744 | 63.792.570 | 638.544 | 451.065 | | | | | | | |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6.482.623 | 4.388.521 | 31.966.445 | 23.691.874 | 236.564 | 222.477 | | | | | | | |
| | 403 | Останати придонеси од плати | | | | | | | | | | | | | |
| | 404 | Надоместоци | 2.636.880 | 1.230.448 | | | | | | | | | | | |
| **41** | | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **250.000** | **166.250** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **250.000** | **166.250** | **83.750** |
| | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | | | |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 50.000 | | | | | | | | | | | | |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 200.000 | 166.250 | | | | | | | | | | | |
| | 414 | Резерви за капитални расходи | | | | | | | | | | | | | |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **47.855.710** | **20.174.759** | **19.214.811** | **12.414.053** | **23.681.124** | **8.184.919** | **352.000** | **133.332** | **0** | **0** | **91.103.645** | **40.907.063** | **50.196.582** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 705.000 | 441.143 | 22.000 | | 135.000 | 34.580 | | | | | | | |
| | 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 9.125.800 | 6.843.895 | 13.158.238 | 7.633.251,00 | 2.266.000 | 1.045.961 | | | | | | | |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 7.604.000 | 2.529.891 | 828.813 | 759.915 | 15.750.798 | 6.200.803,00 | 150000 | 5700 | | | | | |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 6.212.000 | 3.626.606 | 294.840 | 274.885 | 813.000 | 81.619,00 | | | | | | | |
| | 425 | Договорни услуги | 20.577.000 | 5.468.097 | 4.746.920 | 3.614.123 | 2.609.326 | 318.668,00 | 202.000 | 127.632 | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 3.631.910 | 1.265.127 | 164.000 | 131.879 | 2.107.000 | 503288 | | | | | | | |
| | 427 | Привремени вработувања | | | | | | | | | | | | | |
| **45** | | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **7.728.000** | **3.668.766,00** | **40.000** | **29.382** | **40.092** | **12.429** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.808.092** | **3.710.577** | **4.097.515** |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | | | |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | | | |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 2.195.000 | 1.303.390 | | | | | | | | | | | |
| | 464 | Разни трансфери | 3.213.000 | 1.510.834,00 | 40000 | 29382 | 40092 | 12429 | | | | | | | |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 2.320.000 | 854.542 | | | | | | | | | | | |
| **47** | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.412.000** | **755.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.412.000** | **755.000** | **657.000** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 1.412.000 | 755.000 | | | | | 0 | | | | | | |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | | | |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | | | |
| 49 | | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | | | | | | | | | |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **23.994.842** | **6.520.121** | **84.000** | **10.500** | **335.000** | **65.179** | **34.182.457** | **2.296.055** | **0** | **0** | **58.596.299** | **8.891.855** | **49.704.444** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 2.009.000 | 368.873 | 48.000 | | 185.000 | 65179 | | | | | | | |
| | 481 | Градежни објекти | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | 19.857.842 | 6.089.057 | 31.000 | 9.600 | | | 34.182.457 | 2.296.055 | | | | | |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | | | |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 1.100.000 | 62.191 | 5.000 | 900 | | | | | | | | | |
| | 486 | Купување на возила | 1.028.000 | | | | 150.000 | | 0 | | | | | | |
| | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | | | | | | | | | | | | | |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | | | |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | | | |

Претседател на Совет на Општина Свети Николе

Бр.0701 - 649
12.11.2014 год.
Свети Николе

________________________

Илија Стоилев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука**
**за исплата на парична помош за лекување**

Се објавува Одлука за исплата на парична помош за лекување бр. 0701 – 650 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 годи

**Бр. 0801- 659/11**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а по поднесено барање од Горан Арсов од Свети Николе од 11.09. 2014 година година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на12.11. 2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на парична помош за лекување**

**член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност од Буџетот на Општина Свети Николе, Програма А0 413110 тековни резерви (разновидни расходи) да се исплати парична помош во износ од 30.000,00 денари на име парична помош за лекување на пациент.

**член 2**

Паричната помош да се исплати на Горан Арсов од Свети Николе со стан на ул.,, Карпошева,, бр. 81 за лекување на негово дете на Клиника во Турција.

**член 3**

Барањето и целокупната доставена медицинска домуентација се прилог на оваа одлука.

**член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701 - 650**
**12.11. 2014 година**
**Свети Николе**

**Претседател**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за согласност на Одлуката бр. 0202 – 4654 од 19.09. 3014 година на Упраниот Одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе**

Се објавува Одлука за согласност на Одлуката бр. 0202 – 4654 од 19.09. 3014 година на Упраниот Одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе бр. 0701 – 651 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/12**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, (,,Службен весник на РМ бр. 05/02), а во врска со член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ бр 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.11. 2014 година донесе

**О Д Л У К А**

**За согласност на Одлуката бр.0202-465/4 од 19.09. 2014 година на УО на ЈКП ,,Комуналец,,**

**Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлуката за утврдување на цената на $м^3$ техничка вода и утврдување на висината на паушал во селските месни заедници на ЈКП ,,Комуналец,, бр 0202-465/4 од 19.09. 2014 година донесена од Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе .

**Член 1**

Одлуката стапува на сила наредниот ден од објавување во ,, Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0701-651**

**12.11. 2014 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донес

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за согласност на Одлуката бр. 0202 – 465/5 од 19.09. 3014 година на Упраниот Одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе**

Се објавува Одлука за согласност на Одлуката бр. 0202 – 465/5 од 19.09. 3014 година на Упраниот Одбор на ЈКП "Комуналец" Свети Николе бр. 0701 – 652што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/13** **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, (,,Службен весник на РМ бр. 05/02), а во врска со член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ бр 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.11. 2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**За согласност на Одлуката бр.0202-465/5 од 19.09. 2014 година на УО на ЈКП ,,Комуналец,,**

**Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на цени за извршените услуги за правни и физички лица од страна на ЈКП ,,Комуналец,, бр. 0202-465/5 од 19.09. 2014 година донесена од Управен Одбор ЈКП ,,Комуналец,, - Свети Николе .

**Член 1**

Одлуката стапува на сила наредниот ден од објавување во ,, Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0701-652** **Совет на Општина Свети Николе**

**12.11. 2014 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе бр. 0701 – 653 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/14** **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008)

# О Д Л У К А

**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ**

**За 2014 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

За **2014** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | |
| **A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 510.875 | 0 |
| 723119 Други помошни активности во образованието | 62.872 | 0 | 0 | 0 |
| | 62.872 | 0 | 510.875 | 0 |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 402220 Основен придонес за професионално заболување | 1.555 | 0 | 0 | 0 |
| 402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 2.963 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 16.857 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 41.497 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 189.909 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 260.966 | 0 |
| 480210 Купување на земјоделски машини | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| | 62.872 | 0 | 510.875 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **СВЕТИ НИКОЛЕ** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2014** година.

БР. 0701-653 12.11.2014

**Претседател на Советот на Општина**
**СВЕТИ НИКОЛЕ**
**ИЛИЈА СТОИЛЕВ С.Р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на Општинско основно училиште СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување и именување претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на Општинско основно училиште СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе бр. 0701 – 654 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/15** **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 88 став 5 од Законот за средно образование (“Службен весник на РМ” бр. 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 18/11, 51/11 и 6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.11. 2014година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на Средното Општинско Училиште СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе**

1. Од должноста претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе по негово барање се разрешува:

- Александар Арсов

2. За претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе се именува:

- Зоран Цветковски

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701 - 654** **Претседател**
**12.11.2014 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на надворешни членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈП “Погребални услуги “ Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување и именување на надворешни членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈП “Погребални услуги “ Свети Николе бр. 0701 – 655 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/16**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен гласник бр. 05/02,,), како и член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06), член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.11. 2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на надворешни членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈП “Погребални услуги “ Свети Николе**

1.Од должноста надворешни членови во Надзорниот одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈП “Погребални услуги” Свети Николе, се разрешуваат:

- Татјана Јаневска
- Катерина Андонова

2. За надворешен член во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈП “Погребални услуги” Свети Николе се именува :

- Зоран Митев
- Сашо Андонов

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701- 655**
**12.11. 2014 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Општинската установа "Народен музеј" - Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Општинската установа "Народен музеј" - Свети Николе бр. 0701 – 656 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/17**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за музеите ("Службен весник на РМ" бр. 66/04), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.11. 2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Општинската установа "Народен музеј" - Свети Николе**

1.Од член на Управниот одбор на Општинската установа "Народен музеј" Свети Николе се разрешува:

- Фросина Давчева

1. За член на Управниот одбор на Општинската установа "Народен музеј" Свети Николе се именува:

- Слободан Строименов

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701- 656**
**12.11. 2014 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на надворешен член во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈКП “Комуналец” Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување и именување на надворешен член во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈКП “Комуналец” Свети Николе бр. 0701 – 657 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/18**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06), член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 12.11. 2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на надворешен член во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈКП “Комуналец” Свети Николе**

1.Од должноста надворешен член во Надзорниот одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈКП “Комуналец” Свети Николе поради истекување на мандат се разрешува:

- Татјана Апостолова

2. За надворешен член во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈКП “Комуналец” Свети Николе се именува :

- Фросина Давчева

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701-657**
**12.11. 2014 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за неусвојување на барање за измена на ДУП**

Се објавува Одлука за неусвојување на барање за измена на ДУП бр. 0701 – 658 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година.

**Бр. 0801- 659/19** | **Градоначалник,**
**12.11. 2014 год.** | **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** | **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и чл.62 став 1од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во врска со чл. 2 став 1 алинеја 4 од „Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација" (Сл.весник на РМ бр. 56/11), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 12.11.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**За неусвојување на барање за измена на ДУП**

**Чл.1**

Барањето за измена на ДУП, поднесено од Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој при општина Свети Николе, кое се однесува за продолжување на постапките за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти започнати по барањата поднесени од

1. Тоде Крстевски од Свети Николе, барање број 09-495 од 29.06.2011 за утврдување правен статус на бесправен објект на КП бр. 6004/7 м.в.„Кнежевски пат", наменет за чување свињи;
2. Дејан Николов , барање број 09-3198 од 03.09.2011 за утврдување правен статус на бесправен објект – настрешница, на КП бр. 4099 м.в.„Ливади", наменет за изработка на надгробни споменици;
3. Драги Сенев, барање број 09-2134 од 05.10.2011 година за утврдување правен статус на бесправен објект на КП бр. 4120 м.в.„Ливади", наменет за изработка на надгробни споменици;
4. Стефан и Ристе Трпески, барање број 09-1411 и 09-1412 – двете од 25.08.2011 година за утврдување на правен статус на бесправен објект – времен објект - гаража на КП бр. 10857

сите во КО Свети Николе, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

**Чл.2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0701-658** | **Претседател,**
**12.11. 2014 година.** | **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** | **Илија Стоилев с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.Odлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ1, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,М.Тито,, ул,,Гоце Делчев,, ул,,11-ти Октомври ,ул.,,Септемвриска ,,и крак на ул.,,8-ми Ноември,, измена и дополна плански период 2014-2019год. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 1

2. Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од нас.,,Лиска,, Свети Николе ,плански опфат помеѓу ул.,П.Гули,, ул,,100,, граница на постоен ДУП ,ул.,,200,,пешачка патека, интегрирана саобрааќајница ,,400,,,измена и дополна плански период 2014-2019год. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 3

3. Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел од нас. Лиска Б1,- за плански опфат од 5,02 ха, измена и дополна, за плански период 2013 – 2018 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 4

4. Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел од УЕ1 и УЕ2 Свети Николе - плански опфат од 5,02ха, измена и дополна, за плански период 2010-2015год. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 5

5.Одлука за давање под закуп на училишниот простор во Основните и Средното училиште во Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 6

6.Програма за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 11

7.Оперативен План за чистење и одржување на улици, локални патишта и речни водотеци во Општина Свети Николе за 2014-2015 година во зимски услови . . . . . . . .стр. 18

8.Годишна програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца - Детска Градинка “Рахилка Гонева” Свети Николе за учебната 2014/2015 година. . . . . . . . ..стр. 21

9.Извештај за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 22

10.Квартален извештај за извршување на буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Трети- од 01.01. 2014 година до 30.09. 2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 26

11.Одлука за исплата на парична помош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . .стр. 27

12.Одлука за согласност на Одлуката бр. 0202 – 4654 од 19.09. 3014 година на Упраниот Одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . .стр. 28

13.Одлука за согласност на Одлуката бр. 0202 – 465/5 од 19.09. 3014 година на Упраниот Одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр. 29

14.Предлог – Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . стр. 29

15.Решение за разрешување и именување претставник од Општина Свети Николе за член во Училишниот одбор на Општинско основно училиште СОУ “Кочо Рацин” Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 30

16.Решение за разрешување и именување на надворешни членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈП “Погребални услуги “ Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. .стр. 31

17.Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Општинската установа “Народен музеј” - Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. .стр. 32

18.Решение за разрешување и именување на надворешен член во Надзорниот Одбор за контрола на материјалното-финансиско работење на ЈКП “Комуналец” Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 33

19. Одлука за неусвојување на барање за измена на ДУП. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 34

**Бр. 0801- 659/2**
**12.11. 2014 год.**
**Свети Николе**